## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 49 од Статутот на Народната банка на Република Македонија Ст.бр. 02-15/IV-1/2011 од 21 април 2011 година и О.бр. 02-15/III-4/2012 од 29 март 2012 година и точки 5,6,9,10 и 11 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата О.бр.02-15/III-16/2011 од 31 март 2011 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Одбор за оценување**

1. Се формира Одбор за оценување во следниов состав:

| | | |
|---|---|---|
| 1) д-р Сашо Арсов | член на Советот на Народната банка на Република Македонија | Претседател |
| 2) м-р Маја Кадиевска Војновиќ | вицегувернер на Народната банка на Република Македонија | Член |
| 3) д-р Анета Крстевска | главен економист во Раководство на Народната банка во Народната банка на Република Македонија | Член |

2. Одборот за оценување од точка 1 на ова решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови од областа на макроекономијата по објавениот конкурс за годишна награда на Народната банка на Република Македонија за 2013 година и ќе достави предлог за најдобар труд со образложение до гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Одборот за оценување од точка 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави и предлог за доделување награда за второрангиран труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е исто така со квалитет близок до прворангираниот.

Доколку Одборот за оценување од точка 1 на ова решение смета дека ниеден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог за оваа година да не се доделува награда.

3.Ова решение влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Бр.**9417
18 март **.2013 година**
**Скопје**

**Г у в е р н е р**
**Димитар Богов**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 49 од Статутот на Народната банка на Република Македонија Ст.бр. 02-15/IV-1/2011 од 21 април 2011 година и О.бр. 02-15/III-4/2012 од 29 март 2012 година и точки 5,6,9,10 и 11 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата О.бр.02-15/III-16/2011 од 31 март 2011 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за изменување на Решението**
**за формирање Одбор за оценување**

1. Во Решението за формирање Одбор за оценување бр. 9417 од 18 март 2013 година, во точката 1, потточката 2) се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| „2) м-р Ана Митреска | директор на Дирекцијата за монетарна политика и истражување во Народната банка на Република Македонија | Член". |

2.Ова решение влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Бр.** 9417/2
25 **март 2013 година**
**Скопје**

**Г у в е р н е р**
**Димитар Богов**